# Е-ИНФО 48

## ПАКОМАК СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА

**АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO Europe
Packaging Recovery Organisation Europe

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК" ЗА ПЕРИОД ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.**

**ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

## 1 ПОСТАВУВАЊЕ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ ВО СИНЏИРОТ МАРКЕТИ „СТОКОМАК"

„Стокомак" е новиот стратегиски партнер на „Пакомак" според тип маркети – дисконт. Отсега граѓаните можат да вршат селекција на амбалажниот отпад и во повратните вендинг машини во синџирот маркети „Стокомак".



# 2 ПОСТАВУВАЊЕ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ ВО СИНЏИРОТ МАРКЕТИ „ЕЛИДА“ ВО КУМАНОВО

Супермаркетите „Елида“ направија значаен чекор кон промовирањето селектирање отпад во Куманово со купување повратна вендинг машина од „Пакомак“. Ова е одличен пример за сите општествено одговорни компании што сакаат да дадат придонес кон заштита на животната средина. „Пакомак“, ценејќи ја оваа одлука, во маркетите „Елида“, дополнително постави уште една повратна вендинг машина.





# 3 „ПАКОМАК“ НА СКОПСКИ МАРАТОН

„Пакомак“ на годинашниот Скопски маратон на 10 пункта постави контејнери со своето име и со порака „Погоди ме“. Целта беше да има помалку отпад од пластични шишиња по улиците, со тоа што ќе им се овозможи на учесниците полесно да ги селектираат, односно да ги фрлат во најблискиот контејнер.










# 4 ПРОМОЦИИ ЗА ПРОСЛАВАТА 150 ГОДИНИ „ HEINEKEN“

Во октомври се одржа големата прослава за 150-годишнината на „ Heineken“. На целодневниот настан, кој се одржа во Градски парк во Скопје, „Пакомак“ беше присутен со контејнери за селекција на отпад, за селекција на пластична амбалажа и на лименки. Покрај контејнери, „Пакомак“ постави и макети од повратните вендинг машини и ги обучуваше посетителите на настанот за нивно користење.








# 5 ЛЕТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ВЕНДИНГ МАШИНИТЕ ВО ПРИЛЕП

„Пакомак“ изработи летоци преку кои има цел да го поттикне населението во Прилеп да ја преземе мобилната апликација „Екомак“ и да селектира амбалажен отпад во повратните вендинг машини. Овие летоци ќе бидат дистрибутирани со сметките за комуналии.





# 6 „ПАКОМАК“ НА ФМЦГ – САМИТОТ ЗА СТОКА ЗА ШИРОКА ПОТРОШУВАЧКА

Во октомври беше одржан ФМЦГ – Самитот за стока за широка потрошувачка на кој беше присутен и „Пакомак“ со поставување повратна вендинг машина во која присутните ги селектираа пластичните шишиња и лименките. Покрај поставувањето на машината на видеоекран беше одржана презентација пред сите присутни. Беше пуштено видео на кое беше прикажан начинот на користење на повратната вендинг машина, како и на мобилната апликација „Екомак“.







# 7 ПРОМОЦИЈА НА ПИВОТО „ЕСТРЕЛА“ СО ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Преку повратните вендинг машини на „Пакомак“ се изврши промоција на пивото „естрела“. Со секоја селектирана лименка од пивата „естрела“ во повратните вендинг машини корисниците добиваа по 5 зелени поени на нивната апликација „Екомак“. Оваа промоција беше споделена и преку социјалните медиуми на „Пакомак“.



# 8 ПРОМОЦИЈА ВО МАРКЕТИТЕ „ВЕРО“ СО ВОДАТА „ЛАДНА“

Во маркетите „Веро“ беше организирана промоција со водата „ладна“, со цел да се зголемат свесноста и навиката на луѓето за селекција на амбалажен отпад. Беа поставени информативни закачалки на пластичните шишиња од водата „ладна“, на рафтовите и лепенки на фрижидерите на „ладна“ со порака дека нивната амбалажа треба да заврши во повратните вендинг машини на „Пакомак“ и дека за секое селектирано шише се добива поен. Собраните поени корисниците на повратната вендинг машина можат да ги разменат за ваучер, кој можат да го искористат во маркетите.





# 9 МАГИОНИЧАРСКА ПРЕТСТАВА ВО ПРИЛЕП

„Пакомак“ во основните училишта во Прилеп организираше магионичарка претстава на тема селекција на отпадот и користење на повратните вендинг машини поставени во Прилеп. Целта на претставите беше најмалите да научат за важноста на процесот на селекција и за придобивките од него, а со тоа и да здобијат навика да селектираат амбалажен отпад од најмали години. Претставата беше одлично прифатена и од страна на децата, и од страна на директорите и на наставниците во училиштата.



# 10 ЛЕТОЦИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ВЕНДИНГ МАШИНИТЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА

„Пакомак“ изработи летоци што ќе бидат дистрибуирани до населението во Крива Паланка заедно со сметките за комуналии. Преку овие летоци „Пакомак“ има цел да го поттикне населението во Крива Паланка да ја преземе мобилната апликација „Екомак“ и да селектира амбалажен отпад во повратните вендинг машини.









# 11 ИНФОРМАТИВЕН ТЕКСТ ЗА ПОТТИК НА ОПШТИНИТЕ

„Пакомак“ објави информативен рекламен текст со цел да се поттикнат општините да ги мотивираат граѓаните да селектираат амбалажен отпад. Преку оваа рекламна објава беа пофалени тие општини што веќе ги поттикнуваат своите граѓани да селектираат, такви општини се Струмица, Берово, Штип, Кочани, Крива Паланка и Струга. Овие општини дадоа пример како малите акции можат да направат значителна промена во намалувањето на отпадот и зачувувањето на животната средина, ваквиот пример треба да го следат и другите општини во нашата држава.



# 12 ПРОЕКТ СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА – ПОСТАВУВАЊЕ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

„Пакомак“ има потпишан договор со швајцарската амбасада за проект за реализација на паметен систем за управување отпад од пакување. Со овој договор е предвидено поставување 70 повратни вендинг машини и 1.800 сензори на контејнери како игло.

Во декември од втората испорака беа поставени 29 машини, со што машините станаа достапни во: Скопје, Струмица, Крива Паланка, Куманово, Берово, Штип, Кочани, Тетово, Прилеп, Битола и во Македонска Каменица во следниве маркети: „Веро“, „Тинекс“, „Рамстор“, „Стокомак“, „Жито маркети“, „Елида маркети“, „ДИМ маркети“, „Киси маркети“, „Футура маркети“ и „Николови“.

Дополнително апликацијата „Екомак“ има повеќе од 25.000 корисници, број што прогресивно расте со по 1.000 нови корисници неделно.



# 13 ПОСТАВУВАЊЕ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ ВО МАРКЕТИТЕ „РАМСТОР“ ВО СКОПЈЕ

„Пакомак“ постави 3 нови повратни вендинг машини во општина Аеродром поради големиот интерес на граѓаните за селекција на отпад.Сега граѓаните имаат дополнителни локации каде што можат да селектираат амбалажен отпад.



# 14 ПРОМОЦИЈА НА ВОДАТА „ЛАДНА“ СО ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ




Преку повратните вендинг машини на „Пакомак“ се изврши промоција на водата „ладна“.

Со секое селектирано пластично шише „ладна“ во повратните вендинг машини корисниците добиваа по 4 зелени поени на нивната апликација „Екомак“. „Пакомак“ доделуваше по еден поен и „ладна“ по 3 поени за секое селектирано шише.

Оваа промоција беше споделена и преку социјалните медиуми на „Пакомак“.

# 15 ЕМИТУВАЊЕ НА ВИДЕОЕКРАН ВО БИТОЛА

„Пакомак“ преку видеоекран на централна локација на Широк сокак во Битола емитуваше промоција на важноста и на потребата за селектирање амбалажен отпад, како и на користењето на новопоставените повратни вендинг машини.






# 16 МАГИОНИЧАРСКИ ПРЕТСТАВИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

„Пакомак“ во основните училишта во општина Аеродром организираше магионичарски претстава на тема повратни вендинг машини и нивното користење.

Целта на претставите беше најмалите да дознаат повеќе и да здобијат навика за користење на повратните вендинг машини за селекција на амбалажен отпад, како и за придобивките од самото селектирање на отпадот.





СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА